# Записник од 12-тата седница на Совет на Општина Берово

Одделение за правни и општи работи

Одделение за правни и општи работи
Општина Берово

# З А П И С Н И К

***Од 12-тата редовна седница на Советот на Општина Берово одржана на ден 30.08.2018 година во салата за состаноци на Општина Берово со почеток во 10:20 часот.***

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот Јован Матеничарски.

Од вкупно 15 советници на седницата присуствуваа 15 советници и тоа: Јован Матеничарски, Славица Фурнаџиска, Предраг Монев, Драган Мустачки, Гоце Ружински, Даниела Кржовска, Благица Русковска, Александар Чамовски, Фахрудин Мустафов, Емилија Пачемска, Јованка Василевска Петрушева, Јован Ковачовски, Герасим Гриовски, Горан Фидански и Влатко Буровски.

На седницата присуствуваше Градоначалникот на Општината Звонко Пекевски, раководителот на одделението за општи и правни работи Анита Рунтевски, Советникот за нормативно правни и имотно правни работи во одделение за општи и правни работи Емилија Ваканска, соработник за односи со јавност во Одделение за јавни дејности Биљана Каламадевска-како записничар, а повикани за образложение околу одредени точки беа Мишо Догазански –како раководител на одделение за урбанизам , Ѓорѓи Пеовски-раководител на ЛЕР , Татјанка Муртовска од одделение за финансии

За работата на Советот за оваа седница Претседателот на Советот Јован Матеничарски го предложи следниот:

**ПРЕДЛОГ ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Записник од 10-та Седница на Совет на Општина Берово;
2. О Д Л У К А за утврдување на приоритет за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка 321;
3. О Д Л У К А за давање согласност за намената на инвестицијата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка 321;
4. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Берово за 2018 година;
5. Одлука за утврдување на висината на надоместокот за издавање на лиценца за вршење на угостителска дејност во кабаре, ноќен бар, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор;
6. Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Берово;
7. Одлука за времена дислокација на Градски пазар во Берово;
8. Одлука за прифаќање на донација;
9. Предлог Одлука за усогласување на намените на урбанистички план за село Русиново во однос на легализација на објекти надвор од дефиниран опфат на планот, за КП 1363, КО Русиново, по барање на Белчовски Иван;
10. Правилник за критериумите и постапката за определување на првенец на генерација во основните и средното училиште во Општина Берово;
11. Квартален извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за втор квартал;
12. Квартален извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за втор квартал;
13. Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините Образец К3 за втор квартал;

14. Барање на согласност за формирање на паралелки со помалку од 24 ученика за учебната 2018/2019 година на ООУ “Дедо Иљо Малешевски” Берово;
15. Барање на согласност за формирање на паралелки со помалку од 25 ученика за учебната 2018/2019 година на ОСУ “Ацо Русковски” Берово;
16. Барање на согласност за формирање на паралелки со помалку од 24 ученика за учебната 2018/2019 година на ООУ “Никола Петров Русински” с.Русиново Берово;
17. Правилник за утврдување на редот, работното време и обезбедувањето мир на гробишта;
18. Одлука за цени за користење на комунална инфраструктура на гробишта – капела;
19. Тарифник за депонирање отпад;
20. Шестмесечен Извештај за работа на ЈПКР “Услуга” Берово за 2018 година;
21. Шестмесечен финансиски Извештај на ЈПКР “Услуга” Берово;
22. Барања од институции и граѓани;
23. Советнички иницијативи и прашања.

На ова се надоврзува Градоначалникот на Општина Берово Звонко Пекевски, кој предлага дневниот ред да се дополни со како 22 точка Одлука за измена и дополнување за извршување на Буџетот и како 23 точка одлука за прифаќање на донација. Именуваните точки да се поместат. На ова се надоврзува советникот Предраг Монев кој укажува заради претходна координација на советничката група од ВМРО ДМПНЕ точки да не се предлагаат на самата седница туку повеќето во законски предвидениот рок да се достават а на самата седница да се решава само за итни и неодложни работи и да нема голема промена на дневниот ред. Градоначалникот одговара дека ја прифаќаме критиката ама тоа е во усогласеност со динамиката во која работиме и некои работи се наметнуваат како законска обврска . Претседателот заокружува дека тоа е предвидено и со Деловникот за работа на Советот на Општина Берово .
После расправата. Претседсателот на Совет, Предлог точките од Градоначалникот ги става на гласање при што со **15 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема воздржани советници** се усвоени предлог точките од Градоначалникот.
После тоа Претседателот на совет го става на гласање предлог дневниот ред,заедно со измените, при што со **15 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема воздржани советници** е усвоен следниот дневен ред :

1. Усвојување на Записник од 10-та Седница на Совет на Општина Берово;
2. О Д Л У К А за утврдување на приоритет за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка 321;
3. О Д Л У К А за давање согласност за намената на инвестицијата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка 321;
4. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Берово за 2018 година;
5. Одлука за утврдување на висината на надоместокот за издавање на лиценца за вршење на угостителска дејност во кабаре, ноќен бар, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор;
6. Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Берово;
7. Одлука за времена дислокација на Градски пазар во Берово;
8. Одлука за прифаќање на донација;
9. Предлог Одлука за усогласување на намените на урбанистички план за село Русиново
во однос на легализација на објекти надвор од дефиниран опфат на планот, за КП 1363, КО Русиново, по барање на Белчовски Иван;

10. Правилник за критериумите и постапката за определување на првенец на генерација во основните и средното училиште во Општина Берово;
11. Квартален извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за втор квартал;
12. Квартален извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за втор квартал;
13. Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините Образец К3 за втор квартал;
14. Барање на согласност за формирање на паралелки со помалку од 24 ученика за учебната 2018/2019 година на ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово;
15. Барање на согласност за формирање на паралелки со помалку од 25 ученика за учебната 2018/2019 година на ОСУ "Ацо Русковски" Берово;
16. Барање на согласност за формирање на паралелки со помалку од 24 ученика за учебната 2018/2019 година на ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново Берово;
17. Правилник за утврдување на редот, работното време и обезбедувањето мир на гробишта;
18. Одлука за цени за користење на комунална инфраструктура на гробишта – капела;
19. Тарифник за депонирање отпад;
20. Шестмесечен Извештај за работа на ЈПКР "Услуга" Берово за 2018 година;
21. Шестмесечен финансиски Извештај на ЈПКР "Услуга" Берово;
22. Одлука за измена и дополнување на Буџетот
23.Одлука за прифаќање на донација
24. Барања од институции и граѓани;
25. Советнички иницијативи и прашања.

***1.Усвојување на Записник од 10-та Седница на Совет на Општина Берово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по првата точка на дневен ред. Соработникот за односи со јавност Биљана Каламадевска кажува дека е направена печатна грешка и дека ќе биде исправена и записникот заедно со измените е ставен на гласање и со **15 гласа ЗА , нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема воздржани советници** е усвоен *Записникот од 10-тата Седница на Совет на Општина Берово.*

***2. О Д Л У К А за утврдување на приоритет за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка 321;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по точката на дневен ред. Градоначалникот зема збор и истакнува дека рехабилитацијата на патот Мачево Владимирово е една од итноста за свикување на седницата, повикот овозможува аплицирање на три мерки а ние имаме можност за аплицирање на две. Повикан е Ѓорѓи Пеовски – раководител на ЛЕР заради образложение и истакнува дека врз основа на јавна набавка се усвојува вредноста и советот дава согласност за приоритет , идејата на проекто е само да има согласност од Совет. На ова се надоврзува Претседателот на Совет кој посочува Раководителот за ЛЕР да каже за одлуката а Пеовски одговара дека одлуката е врз основа на јавниот повик и до следниот ден е последниот рок за аплицирање. Предмерот вчера го добивме и проектантската сума е некаде околу 19.000.000,00 денари. На ова Советничката Даниела Кржовска прашува дали има ограничување на средствата и Пеовски одговара дека има ама ние се вклопуваме во истото.

После дискусијата предлог Одлуката е дадена на гласање при што со **15 гласа ЗА , нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема воздржани советници** е усвоена *О Д Л У К А за утврдување на приоритет за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка 321;*

***3. О Д Л У К А за давање согласност за намената на инвестицијата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка 321;***

Претседателот на совет отвори дискусија по предложената точка, бидејќи никој не се јави за дискусија , предлог одлуката е дадена на глаање и со **15 гласа ЗА , нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема воздржани советници** е усвоена *О Д Л У К А за давање согласност за намената на инвестицијата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка 321*

4. ***Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Берово за 2018 година;***

Претседателот на совет отвори дискусија при што Градоначалникот ја појаснува точката на дневен ред дека измената се однесува на средства кој треба да се земат од патишта и улици за да може да се исплатат обврски од културата. На ова реагира Советникот Предраг Монев, кој истакнува дека не треба да се крати од средства од точка која е болна за општината на што Градоначалникот му одговара дека е земено од точка каде што има најниска реализација . Што се однесува до самофинансирачката сметка продолжува доизградбата на Старечки дом и настојуваме да ги вметнеме средствата доколку до ноември се отвори да ги користиме нивните средства да може да исплаќаме вработени.

По дискусијата е ставена точката на гласање , при што **со 9 гласа ЗА 6 ПРОТИВ , нема Советници кои гласале ВОЗДЖАНО** е усвоена *Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Берово за 2018 година;*

***5. Одлука за утврдување на висината на надоместокот за издавање на лиценца за вршење на угостителска дејност во кабаре, ноќен бар, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор;***

Претседателот отвори дискусија по точката на дневен ред при што кажува дека тоа е усогласување со закон на што се надоврзува Советничката Славица Фурнаџиска, која истакнува дека како Општина имаме изберено најминималните средства. По што точката е дадена на гласање и со **15 гласа ЗА , нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена *Одлука за утврдување на висината на надоместокот за издавање на лиценца за вршење на угостителска дејност во кабаре, ноќен бар, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор;*

***6. Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Берово;***

Претседателот отвори дискусија по точката на дневен ред при што никој не се јави за збор и точката е дадена на гласање по што со **15 гласа ЗА , нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена *Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Берово;*

*7. Одлука за времена дислокација на Градски пазар во Берово;*

Претседателот на Совет отвори дискусија и појасни дека за дислокација требало да се закаже итна седница по што се пристапи кон гласање и **со 15 гласа ЗА , нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена *Одлука за времена дислокација на Градски пазар во Берово.*

*8. Одлука за прифаќање на донација;*

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка и бидејќи никој не се јави за збор ја даде точката на гласање и со **15 гласа ЗА , нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена *Одлука за прифаќање на донација;*

***9.Предлог Одлука за усогласување на намените на урбанистички план за село Русиново во однос на легализација на објекти надвор од дефиниран опфат на планот, за КП 1363, КО Русиново, по барање на Белчовски Иван;***

Претседателот отвори дискусија по предложената точка за збор се јави Советникот Предраг Монев кој се обрати до Претседателот за давање согласност за промена на урбанистичли план дали не треба повторно барање при што е почекано да дојде раководителот на урбанизам за образложение и по доаѓњето Претседателот на Совет прашува дали е известен од претходно дека е одбиено и треба прво да има план па да бараме проширување по што Догазански појансува дека законски секој објект кој е надвор од УП треба да добие согласност од Совет, објектот е за земјоделие, законски треба по истото барање два пати да оди на Совет и после има право да се жали до Министерство за транспорт и врски . На ова се надоврзува Советничката Блага Русковска која прашува дали неможе тоа да оди преку министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство . Претседателот на Совет го прашува раководителот на урбанизам дали с. Русиново има урбанистички план на што Догазански му одговара дека треба посебни постапки, но со локална планска документација тоа може да се среди. НА ова Советничката Славица Фурнаџиска прашува во член 3 е предвидено самофинансирање зошто е наведено и Општината. На ова Догазански одговара дека така е предвидено во Законот да има можност да го исфинансира Општината и да има можност и самиот да го финансира. На ова се надоврзува Советничката Пачемска која кажува дека во случај општината да финансира за другото ќе го исфинансира и тоа ако не самиот ќе си финансира. По дискусијата точката е дадена на гласање при што со **6 гласа ЗА , 9 ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** не е усвоена *Одлука за усогласување на намените на урбанистички план за село Русиново во однос на легализација на објекти надвор од дефиниран опфат на планот, за КП 1363, КО Русиново, по барање на Белчовски Иван;*

***10. Правилник за критериумите и постапката за определување на првенец на генерација во основните и средното училиште во Општина Берово;***

Претседателот отвори дискусија по точката на дневен ред. За збор се јави Советничката Емилија Пачемска, која експлицира дека е котрадикторно она што стои да не бил казнуван со педагошка мерка со најмногу 10 неоправдани и предлага да се стави наместо 10 да биде 5 . На ова се надоврзува Советничката Јованка Василева Петрушева и истакнува дека во член 9 да се доболни

среден успех се собира и се дели со 4 во средното а со 6 во основното. И секаде кај што стои 10 неоправдани да се стави 5.
После дискусијата се ставени на гласање измените во член 5 и член 9 од Правилникот и со **15 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ советници** се усвоени измените . После е ставен на гласање правилникот со усвоените измени и со **15 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен.

***11. Квартален извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за втор квартал;***

Претседателот отвори дискусија по предложената точка, за збор се јави Советникот Гоце Ружински кој кажува дека на комисија е се објаснето, Градоначалникот Пекевски додава дека има средства на наменската за улиците „ Димитрие Туцовиќ “ и Колско Пешачката патека но заради блокадата не се префрлени. По тоа кварталниот извештај за извршување на буџетот на Општина Берово за втор квартал е даден на гласање и со **14 гласа ЗА , нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖНИ советници, отсутна е Пачемска** е усвоен.

***12. Квартален извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за втор квартал;***

Претседателот отвори дискусија по точката на дневен ред, за збор се јави Советникот Гоце Ружински ,кој истакна дека е убаво образложен извештајот, Советникот Предраг Монев побара да се издаде на секој советник поединечно ненамирени обврски на советниците, по што точката е дадена на гласање и со **15 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗРДЖАНИ советници** е усвоен *Квартален извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за втор квартал;*

***13. Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините Образец К3 за втор квартал;***

Претседателот отвори дискусија, за збор се јави советникот Гоце Ружински, кој истакна дека ратите од кредитот се редовно плаќаат по што е пристапено кон гласање, и со **15 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема возржани советници** е усвоен *Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините Образец К3 за втор квартал;*

***14. Барање на согласност за формирање на паралелки со помалку од 24 ученика за учебната 2018/2019 година на ООУ “Дедо Ињо Малешевски” Берово;***

Претседателот отвори дискусија, за збор се јави Советничката Славица Фурнаџиска која истакнува дека е позитивно изненадена од прирастот во с. Двориште и апелира да се поработат на условите на училиштето, по што точката е дадена на гласање и со **15 глса ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена *согласноста за формирање на паралелки со помалку од 24 ученика за учебната 2018/2019 година на ООУ “Дедо Ињо Малешевски” Берово;*

***15. Барање на согласност за формирање на паралелки со помалку од 25 ученика за учебната 2018/2019 година на ОСУ “Ацо Русковски” Берово;***

Претседателот отвори дискусија за збор се јави Советникот ПРедраг Монев кој истакна дека 1,3 и 4 се 7 паралелки а 2 година се 5 паралелки на што се должи тоа, на што Директорот Сашко Корчовски му одговара дека до министерството се пратени 2 барања и и на двете е излезено во пресрет.

Се пристапи кон гласање на точката и со **14 гласа ЗА , нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена *согласноста за формирање на паралелки со помалку од 25 ученика за учебната 2018/2019 година на ОСУ "Ацо Русковски" Берово;*

***16. Барање на согласност за формирање на паралелки со помалку од 24 ученика за учебната 2018/2019 година на ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново Берово;***

Претседателот на совет отвори дискусија, бидејќи никој не се јави за збор е преминато на гласање и со **14 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ , нема ВОЗДРЖАНИ советници** отсутна е Советничката Благица Русковска е усвоена *согласност за формирање на паралелки со помалку од 24 ученика за учебната 2018/2019 година на ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново Берово;*

***17. Правилник за утврдување на редот, работното време и обезбедувањето мир на гробишта;***

Претседателот отвори дискусија , повикан е директорот на ЈПКР Услуга, Илија Рунтевски, кој истакнува дека досега немало таков правилник, имало само договор со каменорезачи , сега се изготвува и врз основа на правилникот ќе се склучуваа договори со каменорезачи а по што е преминато на гласање и со **14 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ , нема ВОЗДРЖАНИ советници,** отсутна е Советничката Благица Русковска е усвоен *Правилник за утврдување на редот, работното време и обезбедувањето мир на гробишта;*

***18. Одлука за цени за користење на комунална инфраструктура на гробишта – капела;***

Отворена е расправа по точката при што е искоментирано заеднички дали цените се во консултација со соседните општини на што директорот на ЈПКР Услуга одговара дека се земени истите цени од Каменица и од Виница и неколку работи треба да се доправат , и во текот на овој месец ќе се обезбеди се да може да се пушти. На ова советникот Предраг Монев , прашува колку комори се и Рунтевски му одговара дека се 2 а се надоврзува Советничката Емилија која прашува дали со наплатата и на услугите за трпезарија ќе се подобрат условите, при што Рунтевски одговара дека е усогласено како што е во другите општини . Потоа е пристапено со гласање и со **15 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена *Одлука за цени за користење на комунална инфраструктура на гробишта – капела;*

***19. Тарифник за депонирање отпад;***

Претседателот отвори дискусија по предложната точка, при што се обрќа до директорот на ЈПКР Услуга да појасни за каков тарифник станува збор при што Рунтевски му одговара дека до сега немало таков тарифник и дека е направена пресметка колку кошта и се дошло до таа цена. Потоа е пристапено кон гласање и со **15 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗРЖАНИ советници** е усвоен *Тарифник за депонирање отпад*

***20. Шестмесечен Извештај за работа на ЈПКР "Услуга" Берово за 2018 година***

Претседателот отвори дискусија и бидејќи никој не се јави за збор е пристапено кон гласање и со **15 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен *Шестмесечен Извештај за работа на ЈПКР "Услуга" Берово за 2018 година*

***21. Шестмесечен финансиски Извештај на ЈПКР "Услуга" Берово;***

Претседателот отвори дискусија , за збор се јави советничката Емилија Пачемска при што кажува дека во точка 1.1 истакнува дека е голема разликата на што и одговара Рунтевски дека тоа се однесва за опремнина за 4-5 луѓе кои треба да заминат во пензија и плус некои семинари. На ова се надоврзува советничката Славица Фурнаџиска која истакнува дека на комисија е образложено . Директорот Рунтевски истакнува дека пречистителната и понатаму генерира загуби од Пехчев и Чифлико и дека е обратено до Министерството за животна средина и дека генеално е договорено дека ќе ги покријат 30 % околу милион ипол. Истакнува и дека со Пехчево е потпишано договор и не е исполнена ни една точка од договорот.

Пристапено е со гласање и со **15 гласа ЗА**, **нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен **Шестмесечен финансиски Извештај на ЈПКР "Услуга" Берово.**

***22. Одлука за измена и дополнување на Буџетот***

Отворена е расправа при што Градоначалникот појаснува дека се однесува на намалување на патни и дневни и се вовдува можноста доколку се покриени одредени трошоци да се исплати само 20 % од дневницата. Пристапено е со гласање и со **15 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена *Олдуката за измена и дополнување на Буџетот.*

***23.Одлука за прифаќање на донација***

Претседателот отвори дискусија и е појаснето од страна на раководителот на општи и правни работи и објаснува дека има проект и ни го доделуваа но мора да прифатиме донацијата. Пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА , нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена *Одлуката за прифаќање на донација*

***24. Барања од институции и граѓани;***

- На Барање ос Јован и Кирил Кржовски за исплата на штета од опожареност со оглед на тоа што нема физичка делба и се работи на еден исти објект кој е во сопственост и на двајцата, одлучено е да се додели на двајцата по 5.000,00 денари, при што од страна на Претседателот на Совет е посочено во иднина да се гледа и штетата, бидејќи се дава на сите по исто.
- На барање на Бошнаковска Тача од с. Будинарци е донесено одлука Советот да и додели максимумот 3.000,00 денари по основ на социјално ранливи категории .

Заеднички е продискутирано за наредни седници Правилникот да се смени.

- На Барање на Манастирот за финансиска подршка за празникот ,, Успение на Пресвета Богородица " да се одговори да им се доделат 20.000,00 денари
- На барањето од Аурора за кајакарски дом да им се одговори дека ние не сме основачи на здружениет и не сме надлежни

***25. Советнички иницијативи и прашања.***

*Советничка иницијатива од Советничката Благица Русковска*

- Мостот кај сточниот пазар е лош и да се види што може да се направи

*Советничка иницијатива од Советничката Емилија Пачемска*

- Да се направи распоред за венчавки од месец октомври да почне распоредо и да им се достави на советниците

*Советничка иницијатива од Советничката ДАниела Кржовска*

- Да се одбележи пешачкиот премин кај книжара Росица до одделението за комунални дејности

Дневниот ред беше исцрпан,а со тоа и седницата беше затворена.Седницата заврши во 12 часот и 30 минути.

Усвоен на ден 26.09.2018 година со

Бр.09-3128/1
26.09.2018 година
Берово

| | | |
|---|---|---|
| *Записничар,* | | *Претседател на Совет,* |
| *Биљана Каламадевска* | М.П. | *Јован Матеничарски* |
| ______________________ | | ____________________ |
| (*потпис)* | | *(потпис)* |